Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, кога влегувал во џамија, изговарал: ‚Барам заштита кај Аллах, Величествениот, со Неговото благородно лице и Неговата вечна власт, од проклетиот шејтан.‘

Абдулах бин Амр бин ел Ас, Аллах нека е задоволен со него, раскажува дека „Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, кога влегувал во џамија, изговарал: ‚Барам заштита кај Аллах, Величествениот, со Неговото благородно лице и Неговата вечна власт, од проклетиот шејтан.‘ Праша: ‚Толку?‘ Реков: ‚Да.‘ И додаде: ‚Кога ќе го изговори тоа, шејтанот вели: Заштитен е од мене целиот ден.‘“

[حسن] [رواه أبو داود]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, кога ќе влезел во џамијата, изговарал: „Барам заштита кај Аллах, Величествениот“ – со тоа барам прибежиште и засолниште кај Аллах преку Неговите возвишени атрибути. „Неговото благородно лице“ – лицето на Оној Кој е бескрајно дарежлив и Кој обилно дарува. „И Неговата вечна власт“ – Неговата моќ, надмоќ и сила врз кого сака од Своите созданија. „Вечната“ – која постои отсекогаш и засекогаш. „Од проклетиот шејтан“ – оној што е проклет и оддалечен од Аллаховата милост. Со други зборови: „О Аллах, заштити ме од неговите дошепнувања, заведувања, стапки, мисли и измами, бидејќи тој е причината за заблудата и поттикнувач на гревовите и незнаењето.“ Тогаш го прашале Абдулах бин Амр: „Само ова ли го изговараше Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем?“ Тој одговорил: „Да.“ Тој што влегува во џамијата кога ќе ја изговори ова дова, шејтанот вели: „Овој човек се заштити од мене во тек на целото денонoќие.“

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/8294